ТТК БАНКА АД
СКОПЈЕ Бр. 2
Примено: 08-10-2024

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 7805/1 | | |

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0202-2008
07.10.2024 год.
ТЕТОВО

До

ТТК Банка АД Скопје
ул.Народен фронт бр.19/а
1000 Скопје

-Управен одбор
-Собрание на акционери

/за 43-та седница на Собрание на акционери/

Предмет: Достава на Предлог-одлука по предложена точка на Дневен ред на Собрание на анкционери на Банката

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, акционерот Тетекс АД Тетово, кој поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас, за седницата на Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје закажана за ден 5.11.2024 година, предлага по точка 2 од Работниот дел од предложениот Дневен ред за усвојување/донесување следната

1.Предлог-Одлука за именување членови на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје

која е во прилог на овој допис.

Со доставената Предлог – одлука се предлага повторен избор (реизбор) на постојните членови на Надзорниот одбор на Банката Бобан Гоговски, Евгенија Трпкоска и Драгица Јовановска. Предложените кандидати се лица кои поседуваат професионални квалификации да ги извршуваат работите од делокругот на работењето на Надзорниот одбор на Банката што се докажа со нивното досегашна работа во Надзорниот одбор на Банката. Со своето понатамошно членство и ќе придонесат Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје доследно да ги извршува работите од своја надлежност.

Во прилог на овој Допис се доставуваат податоците за предложените кандидати во согласност со Законот за трговските друштва.

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан ТЕТЕКС АД 1 ТЕТОВО

Тетекс АД Тетово
Одбор на директори
Претседател

Борислав Трповски

| ***ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ*** | |
|---|---|
| Име и презиме | **Бобан Гоговски** |
| Возраст (датум на раѓање) | 9.6.1971 година |
| Пол | Машки |
| Образование | VI A – дипломиран електротехнички инженер |
| Функција (работно место) што ја извршува во моментот | Извршен член на Одборот на директори во Тетекс АД Тетово |
| Професионални и други квалификации | Кандидатот<br><br>- има зршено високо образование од областа на електротехнички науки,<br>- има значајно искуство од областа на банкарството, финансиите,<br>- добри ги познава прописите од областа на банкарството, финансиите и правилата за добро корпоративно управување,<br>- постојано ги надоградува стекнатите квалификации преку обуки и континуирано следење на новините во прописите од областа на банкарското работење, економијата и финансиите |
| Работно искуство и како е стекнато | Големо банкарско работно искуство стекнато на различни позиции во ТТК Банка АД Скопје и нејзините правни претходници<br>- одговорно лица за ИТ (1996 – 1998)<br>- раководител на сектор за кредитирање (1998 – 2006)<br>- директор на сектор за управување со ризици (2006 – 2022)<br>- директор на сектор за комерцијално банкарство (2009 – 2022) |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | ЦДХВ АД Скопје – неизвршен член на одбор на директори<br><br>ТЕАЛ АД Тетово – неизвршен член на одборот на директори до 10.08.2022 година |
| Други поважни функции што ги вршел | Член на одбори и комисии во ТТК Банка АД Скопје (Кредитен одбор, Одбор за управување и надгледување на информативната технологија, Комисија за управување со активата и пасивата, Комисија за управување со ликвидност, Комисија за класификација на актива и Комисија за наградување) |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | - во ТТК Банка АД Скопје 15.455 обични акции<br>- во Тетекс АД Тетово 27.612 обични акции<br>- други мали влогови во трговски друштва |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | Нема |

| *ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ*<br>*ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ* | |
|---|---|
| Име и презиме | **Драгица Јовановска** |
| Возраст (датум на раѓање) | 24.4.1958 година |
| Пол | женски |
| Образование | Економски факултет - Скопје, дипломиран економист, насока: финансиско-сметководствена банкарска |
| Функција (работно место) што ја извршува во моментот | Пензионер |
| Професионални и други квалификации | Лиценца за овластен сметководител, положен испит за овластен ревизор |
| Работно искуство и како е стекнато | Од 10.1.1983 година до ден денес во „Тетекс“ АД Тетово Континуирано напредување во работењето почнувајќи од референт во девизна служба, шеф на сметководство, директор на финансов сектор до пом. генерален директор за финансиски и економски прашања од 1.6.2013 година. |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | Одбор на директори – „Тетекс“ АД Тетово до 15.03.2023 година<br>Надзорен одбор – „Петролгас“ ДОО Тетово до 29.09.2023 година |
| Други поважни функции што ги вршел | Од 28.5.2019 година до 30.6.2020 година. по овластување работи како замена на Генералниот директор на „Тетекс“ за време на отсуство на Генералниот директор. |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | Во „Тетекс“ АД Тетово: 5.012 акции<br>Во АД „Осигурителна полиса“: 1.973 акции<br>Во ТТК Банка Ад Скопје: 2.871 акции |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | / |

| ***ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ<br>ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ*** | |
|---|---|
| Име и презиме | **Евгенија Трпкоска** |
| Возраст (датум на раѓање) | 30.7.1952 година |
| Пол | женски |
| Образование | Дипломиран економист,<br>Економски факултет Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ Скопје |
| Функција (работно место) што ја извршува во моментот | Член на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово |
| Професионални и други квалификации | Кандидатот:<br>- има завршено високо образование од областа на економските науки,<br>- има значајно искуство во областа на комерција, маркетинг, продажба и извоз стекнато во Тетекс АД Тетово како директор на најголемата фабрика за конфекција, надополнето со долгогодишна соработка со најголемите трговски текстилни центри во регионот, Европа и САД,<br>- има учествувано на бројни обуки, конференции и настани во земјата и странство, а се има стекнато и со позанвање од областа на корпоративното управување од домашни и меѓународни институции. |
| Работно искуство и како е стекнато | Почнувајќи од 19.1.1977 година во Тетекс АД Тетово континуирано напредување во работењето почнувајќи од референт, шеф на продажба, директор на продажба, директор на Фабриката Конфекција, а од јуни 2013 година Помошник генерален директор за комерцијални прашања на Тетекс АД Тетово и член на Одборот на директори. |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | Член на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово во континуитет од 22.06.1998 до денес |
| Други поважни функции што ги вршел | Неизвршен член на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово. |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | Во „Тетекс“ АД Тетово: 13.531 акции<br>Во АД „Осигурителна полиса“: 4.350 акции<br>Во ТТК Банка АД Скопје: 3.659 акции |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | / |

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеа 8, а согласно член 48, член 50 и член 51 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката одржана на ден 5.11.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување членови на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За членови на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 години се именуваат:

1. Бобан Гоговски_______________________________, сметано од 20.3.2025 година;
2. Евгенија Трпкоска___________________________, сметано од 4.4.2025 година;
3. Драгица Јовановска__________________________, сметано од 5.4.2025 година;
4. Проф. д-р Михаил Петковски__________________, сметано од 18.3.2025 година;
5. Албиона Риза _________________ независен член, сметано од 19.3.2025 година;

### Член 2

Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат Претседател и Заменик – претседател на Надзорниот одбор.

### Член 3

На членовите на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје им се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во согласност со Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за учество во работата на членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија донесена од Собрание на акционери на Банката.

### Член 4

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваните членови на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила по добивањето на претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија,.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**
**Претседавач**

______________________